Архивски бр. 08-414/12
датум 28-11-2025

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ

Министерот за правда со решение бр. 08-1464/1 од 30.06.2025 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2025 година.

**Комисијата за надзор на ден 15.10.2025 година во 10:00 часот**, согласно Планот за надзор бр. 08-3231/1 го започна надзорот во **Основен суд Радовиш** за контролниот период **од 2023 до 2025 година,** односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2022 година до 2025 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на в.д.претседателката на судот Лила Цветановска, стручниот судски службеник Зојка Миленкова и информатичарот во судот Илија Чифлиганец. Во периодот од 2020 година до мај 2024 година претседател на судот е судијата Лила Цветановска, а од 03.06.2024 година со одлука на Судскиот совет е назначена за вршител на должност претседател на суд.

Согласно постојната систематизација, во судот се предвидени 6 судиски места, од кои пополнети се само две: в.д.претседателката на судот која постапува и како судија и уште еден судија. И за овој суд повторно се забележува само 1/3 пополнетост, а дадените претходни препораки од Комисијата во 2024 година за судовите важат и за овој суд: **потребна најмалку 75% пополнетост на судот.**

Во истата зграда се сместени повеќе институции. На приземјето и на дел од првиот кат е сместен судот. На првиот кат со судот е сместено и Основното јавно обвинителство Радовиш. На вториот кат се сместени подрачната единица на Управата за јавни приходи и одделението на Катастарот за недвижности Радовиш, а сите институции ги поврзуваат заеднички скали. Судот плаќа сметки и за

обвинителството, бидејќи не може да се поделат сметките за вода и струја. Парното е на нафта.

Претседателката на судот вложува целосни напори да ја извршува функцијата на судија и вд претседател на суд. Сепак, обемот на работа во судот и заминувањето на вработените во судот (во пензија или истек на договор на определено време), уште повеќе ја отежнуваат функционалноста на судот. Комисијата утврди дека стручниот судски службеник Зојка Миленкова, долгогодишен вработен во судот, придонесува во успешното справување со обемот на работа по предметите.

Вработени се 5 судски полицајци, кои со нивна согласност и добра волја помагаат при доставата на писмена, а еден судски полицаец работи како уписничар, за судот да може успешно и навремено да одговори на обемот на работа.

Солидарноста во судот е навистина на високо ниво и за поздрав, но секако **Судскиот буџетски совет треба да преземе мерки за обезбедување на средства за вработување на неопходен број на вработени за да функционира еден суд, врз основа на барањето од претседателот на судот. Претходно дадените препораки од Комисијата во 2024 година за Министерството за финансии, Владата и Собранието за обезбедување на потребен буџет остануваат.**

На почетокот на секоја година, поради технички проблеми со автоматската распределба во АКМИС, системот сите предмети ги доделува на ист судија во различни уписници. Поради тоа било направено порамнување на сумите за распределба и ресетирање на ознаки. Во консултација со техничката поддршка на фирмата ЕДУСФОТ, добиени се инструкции за решавање на овој проблем и е нормализирана автоматската распределба на уписниците. Известување Су.30/2024 од 05.01.2024 година.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

### 1. Програма за работа

Годишен план за работа
Су бр.581/21-3 од 29.12.2021 година Су бр.594/22-2 од 30.12.2022 година, СУ 783/23-3 од 27.12.2023, Су 706/24 - 3 од 27.12.2024 година

Програма за работа на судот
Су бр.581/21-2 од 29.12.2021 година, Су бр.594/22-3 од 30.12.2022 година, Су 783/23 -2 од 27.12.2023, СУ бр. у 706/24 - 2 од 27.12.2024 година

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Нема оддели, има само двајца судии, од кои еден е претседателот на судот. Двајцата судии добиваат ист број на предмети во работата. Претседателката на судот смета дека со обемот на работа оптимален број на судии кои треба да бидат избрани се 4 до 5 судии во судот.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Су бр.581/21-1 од 29.12.2021 година, дополнување на Годишниот распоред Су бр.581/21-1/1 од 17.03.2022 година и измена Су бр.581/21-1/2 од 04.07.2022 година
Су бр.594/22-1 од 30.12.2022 година и измена од Су бр.594/21-1/1 од 01.03.2023
Су бр 783/23-1 од 27.12.2023
Су бр.706/24-1 од 27.12.2024 година

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Распоред за користење на годишни одмори - на седница на судии се донесува.
Су 441/24 од 11.07.2024 година и дежурства
Су бр.04-81 /25-3 од 11.07.2025 - Одлука

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Нема формирано служба за информатика како посебна организациона единица. Во судот има одделение, во кое е вработен еден информатичар на работно место советник од 2009 година.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

За следење на судската практика во судот е определен судскиот советник Зојка Миленкова

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Лице за односи со јавност е претседателот на судот.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Нема судски администратор бидејќи е суд со основна надлежност.
Во однос на бројот на судската служба во судот пополнети се 22 работни места од предвидените 48 по систематизација.
Категорија В стручни судски службеници: 1 советник информатичар, 1 судски советник, 1 виш судски соработник, 3 судски соработници
Категорија Г помошно-технички службеници: 1 самостоен судски референт - технички секретар на судот, 1 самостоен референт сметководител, 4 - виш судски референт - писарница, 1 - судски референт - дактилограф, 2 помлад судски референт - доставувач
2 хигиеничари, 1 командир на судска полиција и 4 припадници на судска полиција

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2023, 2024 и 2025 година.**

Су бр.433/24 од 05.07.2024 година и Су бр.604/24 од 30.10.2024 година

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Су.бр.581/21од 29.12.2021 година, СУ.бр.295/22 од 04.07.2022 година, Су бр.382/23 од 14.06.2023 година, Су бр.295/24 од 17.04.2024 година разледување на месечен извештај, Су бр 159/25 од 20.03.2025 година

11. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Нема судски оддели, само двајца судии постапуваат рамномерно.

12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Во судот постапуваат само двајца судии.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

13. **Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Годишен извештај за работа на ОС Радовиш за 2023, Су бр.42/2024-1 од 26.01.2024г

14. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Извештај за стари премети 01 Су 2/23 од 17.02.2023 година, Су бр. 01-1 /24 од 03.02.2024 година и 01 Су бр. 1/25 од 09.10.2025 година, доставени до Судски совет електронски до одговорното лице Кариман Авзији.

Редовно се доставуваат и месечни, квартални и годишни извештаи до повисокиот суд, Судски совет и Министерство за правда, на пример:
Квартален извештај Су 194/2025-2 од 14.10.2025 година, Су бр 01-2/24 од 10.01.2024г.

15. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Радовиш за 2023, 2024 и 2025 година**

Била извршена посета од Апелационен суд Штип во октомври 2024 година, а закажана е нова посета во судот во текот на октомври 2025 година.
СУ.бр.52/2025-1 од 16.01.2025 година

16. **Надзор над работата на нотарите.**

Записник Су бр.704/2024-1 од 27.12.2024 г, Су бр.279/2024 од 08.04.2024 година.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

17. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Преку Академијата за судии и јавни обвинители се држат обуки за судиите за АКМИС но многу ретко, додека за информатичарот во 2024 година преку Академијата се одржала обука за мрежи. Информатичарот држи обуки и помага на целиот персонал доколку има потреба.

18. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.

Информатичката опрема ги задоволува потребите на судот, но комисијата беше информирана дека има работни станици со оперативен систем win 7, оперативен систем за кој нема поддршка. Има 2 скенери, принтерите се функционални но поради нивната дотраеност треба да се заменат. Принтерите се стари 20 години.

19. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид

Извршен беше увид во хартиена форма на следниве списоци, но не се внесени како акти во АКМИС. Су бр.75/21-11 од 17.01.2022 година, СУ.399/23 од 28.06.2023, СУ118/24 -2 од 15.02.2024.
Препорака: Задолжително да се внесат списоците како акти во АКМИС системот.

20. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)

Има уредно донесени списоци со прецизно дефинирани кориснички привилегии.

21. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)

Дежурства има само за време на судска ферија и истите се уредно внесени во месечниот календар на дежурства во АКМИС.

22. Скенирање на влезни документи

Се врши скенирање на влезни документи. Поради недостиг на кадар судски полицаец ја врши работа на приемно одделение и ги скенира влезните документи.

23. Електронски прием на предмети од страна на судиите

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

**24. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Според Годишниот план за работа за судски службеник задолжен за АКМИС системот е назначен информатичарот. Распределбата и прераспределба ја вршат уписничарите, во судот има 3 уписничари.
Нема донесено формална одлука за назначување на администратор за АКМИС.

**25. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2023, 2024 и 2025 година (175 став 5 СД)**

СУ.бр.301/2023-1 од 09.05.2023 поради исполнување на условите за старосна пензија, но не е внесена во АКМИС.

**26. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2023, 2024 и 2025 година**

СУ-ИЗЗ.бр.20/25-1 од 08.10.2025,(РО бр.50/25) роднински врски, СУ-ИЗЗ.бр.13/25 од 18.06.2025 (П4-бр.10/25) поради претходно нарушени односи со тужител, СУ-ИЗЗ бр.13/24 од 08.10.2024 (ПРК-с 397/24) обвинетиот е вработен во ОС Радовиш, СУ-ИЗЗ 4/24 од 05.03.2024 (РО 19/24) тужителот е поранешен судија во судот, СУ- ИЗЗ 5/23 од 21.02.2023 (К-22/23) стварно надлежен суд поради надлежност, СУ-ИЗЗ 3/23 од 18.01.2023 ППНИ 3/23 стварно надлежен суд поради надлежност

27. **Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2023, 2024 и 2025 година** - Нема такви одлуки.

**28. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

На денот на надзорот по случаен избор беше извршен увид во следните предмети:

- РО-50/25 - Поднесен, примен и заведен на ден 19.09.2025 година, автоматски распределен на ден 19.09.2025 година, примен од страна на судија на 19.09.2025 година. Предметот е проследен до Апелација Штип поради изземање на претседателот на судот
- П4-10/25 - Поднесен, примен и заведен на ден 13.06.2025 година, автоматски распределен на ден 13.06.2025 година, примен од страна на судија на 16.06.2025 година и рачно прераспределен на 01.07.2025 заради изземање.

- ПРК-С - 397/24 - Поднесен и примен на ден 02.10.2024 година, заведен на ден 03.10.2024 година, автоматски распределен на ден 03.10.2024, примен од страна на судија на 04.10.2024 година и автоматски прераспределен на 15.10.2024 заради изземање.
- К бр.153/23 - Поднесен, примен и заведен на ден 16.10.2023 година, автоматски распределен истиот ден, примен од страна на судија на 17.10.2023 година
- МАЛВП бр.15/24 - Поднесен и примен на ден 08.04.2024 година, заведен на ден 09.04.2024 година, автоматски распределен на ден 09.04.2024, примен од страна на судија на 09.04.2024 година.
- К-22/23 - Поднесен и примен на ден 14.02.2023 година, заведен на ден 15.02.2023 година, автоматски распределен на ден 15.02.2023, примен од страна на судија на 15.02.2023 година и автоматски прераспределен на ден 20.02.2023 заради изземање.
- П5- 2/24 -Поднесен, примен и заведен на ден 20.12.2024 година, автоматски распределен истиот ден, примен од страна на судија на 20.12.2024 година.

**29. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Автоматската распределба се врши секој ден во 14 часот. На денот на надзорот за распределба чекаат 9 предмети.

**30. Уписници што се водат во хартиена форма**

Нема уписници во хартиена форма

**31. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Во судот има 3 судници, од кои една е опремена со тонско снимање, функционала е опремата, но има недостаток на цд, Претседателката на судот напомена дека не се користи од причина на недостаток на кадар, веќе една година.

**32. Електронска достава.**

Електронска достава се врши до сите адвокати, ЕВН, кои имаат регистрирано електронско сандаче, квартално имаат околу 300, 400 достави.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

33. **Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2023, 2024 и 2025 година (член 16 СД)**

Су бр.415/25 од 01.09.2025 година,
Су бр.698/19-4 од 12.10.2022 година,
Су бр.698/19-3 од 09.06.2021 година со измени Су бр.698/2019-3 од 09.06.2021 година

34. **Годишен план за управување со движењето на предметите за 2023, 2024 и 2025 година по предлог на работното тело**

Су бр.75/21-11/2 од 17.01.2022 година,
Су бр.96/22-11/2 од 17.01.2023 година,
Су бр.118/24 -4 од 15.02.2024 година,
Су бр.99/25-1 од 21.03.2025 година.

35. **Внатрешни процедури**

Су бр.75/21-11/1 од 17.01.2022 година,
Су бр.96/22-11/4 од 17.01.2023 година,
Су бр.118/24 -3 од 15.02.2024 година,
Су бр.99/25-2 од 21.03.2025 година

36. **Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

По електронски пат се доставува секој месец
Су бр.122/23-6 од 15.09.2023 година, Су 118/24 -1 од 18.03.2024

ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**37. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Информирањето на јавноста се прави преку објавување на известувања на веб страницата на судот и отворен ден за посета на судот кој се одржува за време на денот на граѓанска правда.

**38. Огласна табла на судот**

Имаат огласна табла на влезот во судот.

**39. Простории за судии поротници и за адвокати**

Се обезбедува сала за состаноци на барање на адвокатска комора, а посебна просторија за судии поротници е определена.

**40. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2023, 2024 и 2025 година**

Има проблем со објавувањето на одлуките, до месец март 2025 е објавувано без проблем, а потоа било забележано дека после извршено аномизирање на одлуките од страна на судските соработници истите не се објавуваат во одлуките на веб страната.

Беше дадено следното објаснување од судот:
Во врска со анонимизацијата на одлуките и нивно прикажување на WEB порталот објавувањето на одлуките функционирало до месец март. Во септември месец од страна на стручните соработници до информатичарот е доставен список од неколку правосилни предмети што ги анонимизирале во месец јули како на пример К-151/24, К-168/24, К-49/25, К-113/24, К-94/24 кои се прејдени во третата графа како потврдени предмети, но не се објавени на веб страната. Од страна на инфроматичарот е утврдено дека не функционира делот на автоматското објавување на одлуките после извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд.

## 41. Архива

Архивата е во солидна состојба, предметите се подредени и нумерирани по години, истите се чуваат во метални ормани кој се заштитени од секакви влијанија и не можат да се оштетат. Просторијата каде што се чува архивата е чиста, нема влага, добро осветлена, а пристапот до предметите е лесно достапен.

Увидот заврши на ден 15.10.2025 во 13:00 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk